

ENTICING

# ЗБОГАТУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА КРАУДСОРСИНГ ВО ДИГИТАЛНИТЕ ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ

**Билтен #1**

## Зошто Enticing?

ENTICING е двегодишен Еразмус+ проект кој ќе ги едуцира и оспособи наставниците со вештини и алатки за примена на концептите и пристапите на дигиталните хуманистички науки во нивната настава.

Проектот има за цел да ги спои придобивките од краудсорсинг со потребата за надоградување на дигитална подготвеност на наставниците по хуманистички науки во средните училишта преку зајакнување на нивните способности со нови алатки кои ќе го подобрат квалитетот на нивната настава и во исто време ќе ги направат подготвени да реагираат брзо во услови на итност.

За таа цел, проектот ќе развие иновативна, приспособена и ко-дизајнирана програма за обука за да ги едуцира наставниците за краудсорсинг во дигитални хуманистички науки и да ги поддржи во подобрувањето на квалитетот на нивната настава.

Организациите кои работат заедно на овој проект се Универзитетот Пелопонез (Грција), KMOP Policy Centre (Белгија), Institouto Ekpedeftikis Politikis (Грција), КМОП Скопје (Македонија), CARDET (Кипар) and Spectrum Research Centre CLG (Ирска).

## Што е направено до сега?

### Креирање наставна програма за курсеви за краудсорсинг во дигитални хуманистички науки

Дизајниравме нова наставна програма која вклучува низа задолжителни и изборни модули со цел да го подигнеме интересот и кај наставниците и кај учениците и да се опфатат повеќе предмети од хуманистичките науки.

Планот за курсот: а) навлегува во и ги обучува наставниците за клучните концепти и пристапи за дигитални хуманистички науки; б) ги обучува за методологијата и алатките за краудсорсинг и како да ги интегрираат во наставата, и в) прикажува практични примери за имплементација на принципите на краудсорсинг во дигиталните хуманистички науки во контекст на наставната програма. Исто така беа организирани онлајн работилници во сите земји партнери  со цел да се добие повратна информација од наставниците од средните училишта во однос на креираниот материјал.

## Каде сме сега?

### Развој на содржина за курс за наставна програма и онлајн архива

Моментално работиме на збогатување на развиената рамка за наставната програма со соодветна иновативна содржина, користејќи различни методи за краудсорсинг. Ресурсите кои се обезбедуваат се корисни за сите членови на училишната заедница, а се однесуваат на прашања како што се интердисциплинарноста и дигиталната писменост.

Исто така, развиен е целосен сет на детални упатства за поддршка на наставниците по хуманитарни науки од средните училишта кои се вклучени да ги тестираат курсевите од наставната програма за дигитални хуманитарни науки. Упатството дава решенија за  предизвиците со кои се соочуваат едукаторите во образование потреби и обука преку различни онлајн и алтернативни средини за учење и се обидува да обезбеди поддршка неопходна за оние професионалци кои работат во неконвенционални средини.

## Следете не за да дознаете повеќе за следните активности!

www.enticing-project.eu | info@enticing-project.eu

PROJECT PARTNERS

University of the Peloponnese | KMOP Policy Center | ΙΕΠ Ινστιτούτο Εκπαιδευτικής Πολιτικής | CARDET | spectrum Research Centre | KMOP Skopje

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината што ги одразува ставовите само на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се направи на информациите содржани во неа". Project Number [2020-1-EL01-KA226-SCH-094773]